Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-287/2
27-05-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 287 од 12.05.2022 година, поднесена од [redacted] за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работа и работни односи против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 27.05.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по претставката бр. 08-287 од 12.05.2022 година, поднесена од [redacted].

**О б р а з л о ж е н и е**

На 12.05.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка со архивски број 08-287 од страна на [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на работа и работни односи против [redacted].

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација веќе постапуваше за истата правна работа, по која донесе мислење со арх. бр. 08- 35/4 со кое не се утврди дискриминација, од причина што подносителот на претставката не го стори веројатно тврдењето дека е сторена дискриминација. Бидејќи подносителот на претставката во новодоставената претставка не изнесе нови факти и околности, Комисијата согласно член 27, став 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на заклучокот да не поведе постапка по претставката:

*„Комисијата носи заклучок за неповедување на постапката за претставка за која веќе постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.“*

Скопје
27.05.2022 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Доставено до:
- [redacted]

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk